Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 45, 27 август 2010 година

август 2010 година
Штип

## СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за научната област трговско право на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за група предмети од областа финансии и сметководство на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 11

**РЕФЕРАТ** за избор на еден асистент за наставно-научната област ентомологија на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 25

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во звање асистент за наставно-научната област информатика на Факултет за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 35

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

# Р Е Ф Е Р А Т
# ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА ФИНАНСИИ И СМЕТКОВОДСТВО НА ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП

Со Одлука бр.1702-106/5 од 9.7.2010 год., донесена на 9. седница на Наставно-научниот совет на Економски факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип, одржана на 9.7.2010 год., определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања за група предмети од областа ***финансии и сметководство*** на Економски факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Дневник" и „Лајм", на 30.6.2010 год., и во предвидениот рок се пријави кандидатката д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска. Врз основа на приложената документација и нашето познавање на кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет да му го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

Кандидатката **д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска** е родена на 9 мај 1974 година во Кочани. Основно училиште завршува во ОУ „Св. Кирил и Методиј" во Кочани, во 1989 година, а матурира во ДСУ „Љупчо Сантов" во Кочани, во 1993 година, во економска паралелка. Своето образование го продолжува на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" - Скопје, каде дипломира на насоката Финансиско-сметководствен менаџмент во 1998 година.

Во периодот од 2001 до 2005 година работи во Приватната компанија „Универзал - промет" во Кочани, Оддел за сметководство и финансии.

Во 2004 година се запишува на постдипломски студии на Економскиот институт при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" - Скопје, на насоката Финансиски менаџмент, каде и го брани магистерскиот труд со наслов „*Кредитна функција на банките, карактеристики, процеси и организација*".

Во 2005 година добива лиценца за агент на Новиот пензински фонд на Тутунска банка и неколку месеци работи како претставник на Фондот во експозитурата на Тутунска банка - Кочани.

Следните три години (до 2008 година) работи во Интернационалната компанија "Ruen International Technologies" во Кочани, како асистент на генералниот менаџер.

Од јули 2007 година работи како асистент на Економскиот факултет при државниот Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, на неколку предмети: Финансиско сметководство, Меѓународни сметководствени стандарди и Планирање, анализа и контрола на трошоците во здравството.

Учествува на неколку семинари, организирани од страна на IP Consulting Скопје, Рафајловски консалтинг и ФВ консалтинг, кои третираат проблематика од областа на финансиите и сметководството.

Од странските јазици солидно го познава англискиот деловен јазик.

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Кандидатката д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска на 1 јули 2007 година е избрана за асистент на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип, на предметната дисциплина Основи на сметководство. Во учебната 2007/2008 година кандидатката успешно ги извршува предвидените наставно-образовни активности (вежбите), по овој предмет.

Во учебната 2008/2009 година кандидатката е ангажирана на предметот Меѓународни сметководствени стандарди, а во наредната 2009/2010 година ги одржува вежбите по предметите Финансиско сметководство и Планирање, анализа и контрола на трошоците во здравствениот сектор.

Во текот на целокупниот наставно-образовен процес и вреднувањето на успехот на студентите, кандидатката го спроведува процесот на селекција и оценка на изработените трудови од страна на студентите (изработените семинарски, проектни и стручни трудови во текот на студиите). Тоа подразбира постојани отворени консултации со студентите, со цел разбирливо и сеопфатно совладување на наставната материја и предвидените активности.

Д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска покажува особен интерес за научна и стручна работа. Тоа јасно се гледа од списокот приложени трудови до Комисијата:

1. **Оливера Ѓоргиева-Трајковска**: Анализа на финансиските извештаи, со осврт на финансиската стабилност на корпоративниот сектор во Република Македонија; докторски труд, Економски институт, Скопје, 2010 год.
2. **Оливера Ѓоргиева-Трајковска**: Кредитна функција на банките -карактеристики, процеси и организација; магистерски труд, Економски институт Скопје, 2006 год.
3. **Оливера Ѓоргиева-Трајковска**, Емилија Митева: Финансиската анализа како методолошки инструмент за оценка на финансиската стабилност и успешност на компаниите; рецензиран труд, Штип, 2010 год.
4. **Оливера Ѓоргиева-Трајковска**, Никола Милановски: Анализа на финансиските извештаи со примена на Дипонт анализата; рецензиран труд, Штип, 2010 год.
5. **Оливера Ѓоргиева-Трајковска**, Емилија Митева: Маркетинг истражување преку интернет; рецензиран труд, Штип, 2010 год.
6. **Оливера Ѓоргиева-Трајковска**: Електронско банкарство – поим и ризици; објавен труд во Годишен зборник на Економски факултет, Универзитет Гоце Делчев, Штип, 2009 год.
7. **Оливера Ѓоргиева-Трајковска**, Борјан Ѓоргиев: Меѓународен финансиски менаџмент; рецензиран труд, Штип, 2007 год.
8. **Оливера Ѓоргиева-Трајковска**: Управување со обртните средства; рецензиран труд, Штип, 2007 год.
9. **Оливера Ѓоргиева-Трајковска**, Борјан Ѓоргиев: Примена на методите за оценка на ефикасноста на инвестиционите проекти; рецензиран труд, Штип, 2007 год.
10. **Оливера Ѓоргиева-Трајковска**, Златко Бежовски: Процес на кредитирање на претпријатијата; рецензиран труд, Штип, 2010 год.
11. **Оливера Ѓоргиева-Трајковска**, Златко Бежовски, Борјан Ѓоргиев: Извори и форми за финансирање на малите и средни претпријатија; рецензиран труд, Штип, 2007 год.
12. **Оливера Ѓоргиева-Трајковска**, Александар Костадиновски: Accounting view of tax reforms in Republic of Macedonia; прифатен труд за презентација на 2-та Балканска и средноисточна конференција за сметководство и ревизија, која ќе се одржи во Истанбул, септември 2010 год.
13. **Оливера Ѓоргиева-Трајковска**: Кредитен процес; труд во процес на издавање во списанието *Економски развој*, Економски институт, Скопје.
14. **Оливера Ѓоргиева-Трајковска**: Финансиско известување – цели и задачи; рецензиран труд, Штип, 2010 год.
15. **Оливера Ѓоргиева-Трајковска**: Методи на финансиска анализа; рецензиран труд, Штип, 2010.
16. **Оливера Ѓоргиева-Трајковска**: Основи на каматата-детерминанти и предвидување; рецензиран труд, Штип, 2010.
17. **Оливера Ѓоргиева-Трајковска**: Биланс на успех-содржина, вреднување и анализа, рецензиран труд, Штип, 2010.

18. **Оливера Ѓоргиева-Трајковска:** Извештај за готовински текови; рецензиран труд, Штип, 2010.
19. **Оливера Ѓоргиева-Трајковска**: Биланс на состојба - содржина, вреднување и анализа; рецензиран труд, Штип, 2010.
20. **Оливера Ѓоргиева-Трајковска**: Кредитна политика и стратегија на портфолиото на кредитни пласмани на банките; рецензиран труд, Штип, 2010.
21. **Оливера Ѓоргиева-Трајковска**: Кредитен пазар-карактеристики и функции; рецензиран труд, Штип, 2010.
22. **Оливера Ѓоргиева-Трајковска**: Инструменти на пазарот на кредити; рецензиран труд, Штип, 2010.
23. **Оливера Ѓоргиева-Трајковска**, Никола Милановски: Личноста на претприемачот; рецензиран труд, Штип, 2010.
24. **Оливера Ѓоргиева-Трајковска**, Никола Милановски: Инфлацијата како израз на нерамнотежата во стопанството на една земја и антиинфлаторната политика; рецензиран труд, Штип, 2010.

1. **Евалуација на трудот број 1 – „Анализа на финансиските извештаи, со осврт на финансиската стабилност на корпоративниот сектор во Република Македонија“**; докторски труд, 227 страници, Економски институт Скопје, 2010 год.

Докторската дисертација на авторката д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска, третира мошне значајна и актуелна проблематика од областа на финансискиот менаџмент- анализа на финансиските извештаи.

Зошто толку се важни финансиските извештаи како подрачје кое претставува предмет на интерес за истражување? Тие даваат информации за финансиската состојба, успешноста и промените во финансиската состојба на фирмата. Тие информации се корисни за широк круг на корисници (инвеститори, кредитори, вработени, акционери, држава и др.), заради донесување на економски одлуки, претставува суштина и цел на финансиското известување. Заради исполнување на оваа цел, финансиските извештаи впрочем обезбедуваат информации за следниве аспекти на резултатите на претпријатијата:

а) средства
б) обврски
в) капитал
г) приходи и расходи (вклучувајќи ги добивките и загубите) и
д) готовински текови.

Комплетниот сет на финансиски извештаи ги вклучува во себе следниве составни компоненти: 1) биланс на состојба, 2) биланс на успех, 3) извештај за готовински тек, 4) извештај за промените на капиталот и 5) напомени што ги следат финансиските извештаи.

Корисниците на финансиските извештаи единствено преку нив можат да ги добијат потполните информации за претпријатието, бидејќи секој од извештаите од свој аспект дава слика за одделните трансакции, додека сетот од овие извештаи дава единствена слика за работењето на претпријатието.

Во трудот кандидатката Оливера Ѓоргиева-Трајковска добро го избира и дефинира подрачјето на истражување. Начинот и стилот на пишување и презентирање на истражувачките наоди се изложуваат на мошне стручен и лесно читлив јазик, со доследно објаснување на финансиската анализа. Трудот теориски ги воопштува: методите, механизмите и инструментите на финансиската анализа. Таа се подразбира како дефинирање на последователните активности кои треба да имаат природен тек на надоврзување на селекцијата, евалуацијата и интерпретацијата на добиените податоци од финансиските извештаи. Се разбира, интересот за анализа на финансиската состојба на коропрациите директно произлегува од потребата врз таа основа да се определи мерилото за способноста

на корпорациите навреме да ги извршуваат обврските по разни основи (даноци, камати и сл.). Појдовните основи правилно се поставени. Структурата на резимето е добра, а редоследот на излагањето по презентираните тематски целини логичен.

Првата глава од докторската дисертација е посветена на целите и задачите на финансиското известување, како битен процес во пласирање на информации во јавноста за работењето на компанијата во изминатиот период. Преку ваквиот начин на комуникација практично се надминува карактерот на финансиското известување како цел само за себе и станува важно средство за комуницирање кое стои на располагање на корисниците на информациите. А корисници се најразлични стејкхолдери со различни интереси од и кон работењето на компанијата (инвеститорите, кредиторите, добавувачите, вработените, потрошувачите, владата со нејзините агенции, менаџментот на компанијата и пошироката јавност). Информациите содржани во финансиските извештаи, покрај задоволувањето на квалитативните карактеристики во смисла на: релевантност, веродостојност, споредливост и разбирливост, мораат да ги задоволуваат и основните критериуми на материјалност и принцип на приходи кои ќе ги оправдат направените трошоци, како што констатира и авторката во својата докторска дисертација.

Втората глава д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска ја посветува на финансиското известување врз основа на финансиските извештаи, фокусирајќи го своето истражување во насока на разгледување на формата, содржината и вреднувањето на позициите во овие базични извори на информации, при што посебен акцент се дава на вреднувањето на корпоративното управување (управување со ликвидноста на компанијата, градење на ефикасна финансиска и дивидендна политика).

Во третата глава од докторската дисертација, кандидатката ја третира финансиската анализа како методолошка алатка во оценувањето на финансиската стабилност и успешност на компаниите. Несомнено е дека финансиската анализа по својата природа проникнува во истражувањето, но и во квантифицирањето на функционалните односи кои постојат меѓу билансните позиции, со цел да се дојде до целта - финансискиот резултат и неговата детерминираност. Во таа своја задача, финансиската анализа се користи со неколку методи, како што се: метод на хоризонтална анализа, вертикална анализа, анализа на трендот, финансиската рацио анализа и Дипонт анализата. Користењето на овие методи се во функција на утврдување на ефикасноста на користењето на средствата на компанијата, особено таков карактер има показателот за обртот на вкупните средства, обртот на залихите, бројот на денови на врзување на залихите, показателот за обртот на побарувањата, просечниот период на наплата на побарувањата, обртот на вкупните средства и обрт на основните средства. Несомнено е дека преку постигнатата профитабилност на компанијата се оправдува извршувањето на вкупните инвестициони, оперативни и финансиски активности, од причини што основната цел на компанијата се состои во остварување на профит. Во таа смисла, авторката д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска нагласува дека за таа намена се користи показателот за остварената бруто-профитна маржа, оперативната профитна маржа и нето-профитната маржа. Во овој контекст, авторот сугерира користење на методот на Дипонт анализата, во функција на расчленување на стапките на остварениот приход на нивните составни компоненти, со чија помош се откриваат подрачјата кои се одговорни за остварените перформанси на компанијата.

Во вториот дел од докторската дисертација, д-р Оливера Ѓоргиева- Трајковска дава конкретна студија на случаи. За таа намена таа ги анализира остварувањата на корпоративниот сектор во Р. Македонија за периодот 2004-2008 година на неколку компании од македонското стопанство: АД Жито Лукс - Скопје; АД Бетон - Скопје; групацијата Реплек; Хотели Метропол АД Охрид и дооел Паневски - Кочани. Основниот заклучок до кој доаѓа кандидатката е дека од анализата на финансиските извештаи на наведените компании се забележани разлики во одделни аспекти од нивното работење, како резултат на

различната големина на овие компании и нивната секторска припадност. Несомнено, тоа покажува и различен праг на чувствителност на условите на поширокото опкружување.

Како резиме на целосното истражување во трудот, посебно врз основа на извршената анализа за избраните компании, авторката доаѓа до заеднички заклучок дека констатираната подобрена профитабилност не се должи на квалитативните подобрувања во работењето, туку тоа се должи на измените во даночната сфера. Сугестијата на д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска, во докторска дисертација, е дека натамошното подобрување на профитабилноста на компаниите може да се оствари само преку јакнење на нивната конкурентност и подобрување на целокупниот квалитет на работење.

Врз основа на приказот на заклучоците презентирани во трудот, може да се оцени дека авторката на дисертацијата, д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска, покажува солиден степен на познавање на проблематиката за анализа на финансиските извештаи. Конкретноста, логичниот распоред и јасност на предложените заклучоци, како и нивната конзистентност, меѓусебна условеност и поврзаност недвосмислено нè уверува во оценката дека кандидатката д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска покажува квалитети на оформен, зрел и сериозен истражувач и аналитичар.

2. **Евалуација на трудот број 2 – „Кредитна функција на банките-карактеристики, процеси и организација“**; магистерски труд, 153 страници, Економски институт - Скопје, 2006 год.

Предмет на истражување во магистерскиот труд, како што може да се забележи од насловот е процесот на извршување на кредитната функција на банките, кој е една од основните функции во најголем број на финансиски институции.

Како што нагласува и авторката, преку ефикасната-неефикасната алокација на акумулацијата, банките ја одредуваат судбината на пазарните стопанства од аспект на тоа: колку ќе се штеди, каде ќе се инвестира, кои индустриски гранки ќе бидат водечки во економијата, каква ќе биде ефикасноста на инвестиционите проекти, колку брзо ќе се зголемува реалниот општествен производ и животниот стандард, колкава ќе биде вработеноста и сл. Поради ова, банкарската индустрија на секоја земја, потенцира кандидатката, треба да биде во добра „здравствена состојба”, за да може ефикасно да ги врши своите функции.

Позајмувањето парични средства на стопанските субјекти и населението (процес на кредитирање) е една од најзначајните активности во најголем дел од финансиските институции. Одобрените банкарски заеми учествуваат со најголем процент во создавањето на вкупниот приход на финансиските институции, остварен од вршењето на вкупните активности. Од друга страна, во областа на оваа функција на одобрување заеми, депозитните финансиски институции генерално прифаќаат најголем степен на ризик. Неуспехот на индивидуалните комерцијални банки и другите финансиски институции е секогаш поврзан со проблемите во создаденото портфолио на кредитни пласмани.

Целта што ја поставува авторката во својот магистерски труд е да се обработи кредитната функција на банките, како основен тип на финансиски институции во сите развиени финансиски структури, кои имаат клучна улога во функционирањето на секоја пазарна економија.

Обработката на кредитната функција на банките започнува со истражување на основните карактеристики на кредитниот пазар и на инструментите со кои се тргува на овој пазар. Обработката ја наложува потребата од краток осврт на основните математички пресметки кои се користат во процесот на процесирање и одобрување на кредитните барања.

Истражувањето во трудот продолжува со дефинирање на кредитната политика и организација на финансиските институции, како најзначаен фактор во детерминирањето на успехот на секоја банка и како основа за процена на кредитниот ризик и донесување на кредитните одлуки.

Во продолжение на трудот следува обработка на кредитниот процес, преку подготовката и донесувањето на кредитната одлука, структурирањето на кредитот и анализа на ризикот кој го прати процесот на одобрување на кредит на одреден субјект.

Последната глава од трудот, д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска ја посветува на анализа на пазарот на кредити во Република Македонија, преку спгледување на неговата моментална состојба, движењето на кредитните пласмани и карактеристиките на кредитната и каматната политика која ја спроведуваат банките во земјава. Анализата на кредитниот пазар на Република Македонија и компарацијата на утврдената моментална состојба со карактеристиките на кредитниот пазар во развиените пазарни економии, изложени во овој дел, му даваат особено значење на ова истражување. Истовремено, истражувањето и добиените резултати таа ги искористува за давање одредени насоки за преземање на мерки за надминување на неповолните состојби во областа на кредитната политика на банките, со цел за постигнување на стабилен и ефикасен финансиски систем.

Натамошните перспективи на банкарскиот сектор на РМ, како што нагласува авторката, ќе зависат единствено од брзината и степенот на стабилизација на политичката и економската состојба на земјата и од натамошните реформи во правец на консолидација и окрупнување на банките, по пат на спојување на постојните банки и влегување на странски банки во земјава.

3. **Евалуација на трудот број 3 – „Финансиската анализа како методолошки инструмент за оценка на финансиската стабилност и успешност на компаниите“**; рецензиран труд, Штип, 2010 год.

Основна цел на истражување во овој труд е *финансиската анализа,* која според авторката претставува селекција, евалуација и интерпретација на финансиски податоци и други релевантни информации, кои овозможуваат проценка на оперативните перформанси и финансиската состојба на компанијата или индустријата. Оперативното работење на компанијата е мерка за тоа колку добро таа ги користи своите средства, како материјални, така и нематеријални, во создавање принос на инвестиционите вложувања. Финансиската состојба на компанијата е мерило за нејзината способност да ги извршува обврските и да ги плаќа каматите во предвидените временски рокови.

Авторката нагласува дека достапноста и довербата во прибраните информации за работењето на компаниите олеснува само еден аспект на финансиската анализа. Она што преостанува како предизвик е, секако, анализа на овие информации и искористување на добиените резултати на ефективен и корисен начин.

Клучен извор на информации во анализата на заработувачката на компаниите, како и на нивната економска состојба, се неколкуте финансиски извештаи кои компаниите ги составуваат и публикуваат: билансот на состојба, билансот на успех, извештајот за готовински текови, извештајот за акумулирана добивка.

Анализата на финансиските извештаи се изведува со примена на неколку различни методи. Во трудот, д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска се осврнува на методот на хоризонтална анализа, вертикална анализа, анализата на трендот и финансиската рацио анализа.

Посебно внимание во трудот е посветено на обработката на финансиските показатели, со кои се расветлуваат неколку различни аспекти од оперативното работење и финансиската состојба на компанијата, и тоа: анализа на приносот или враќањето на инвестициите, анализа на активноста (користење на средствата) на компанијата, анализа на профитабилноста во извршување на активностите, анализа на ликвидноста, на задолженоста (финансискиот левериџ), анализа на инвестирањето во акции на компанијата и анализа на додадената економска вредност.

На крајот од трудот, авторката ја нагласува потребата од претпазливост и внимателност во користењето и интерпретацијата на финансиските показатели и земање

предид на ограничувачките фактори на овој вид финансиска анализа: лимитираноста на сметководствените податоци кои се користат во конструкцијата на финансиските показатели; селекцијата на соодветни компании кои служат како стандарди (banchmarks) за споредување; интерпретација на показателите и опасностите при предвидување на идните оперативни перформанси и финансиска состојба на компанијата, базирани на минатите трендови.

4. **Евалуација на трудот број 4 – „Анализа на финансиските извештаи со примена на Дипонт анализата“**; рецензиран труд, Штип, 2010 год.

Предмет на истражување во овој труд е анализата на финансиските извештаи на претпријатијата со примена на Дипонт (DuPont) моделот. Анализата на финансиските извештаи на претпријатијата, како што нагласуваат и авторите, претставува една комплексна целина, која е само еден дел од целокупната анализа на работењето на претпријатието. Како таква, оваа анализа има за задача да ја објасни релацијата меѓу одделните ставки од финансиските извештаи, кои комбинирани на различни начини, објаснуваат различни аспекти од работењето на претпријатието: ликвидноста, профитабилноста, задолженоста и слично.

Она што го прави посебно интересен трудот е практичната илустрација на примената на овој метод, во анализата на работењето на компанијата Т-Мобиле Македонија, за 2005, 2006 и 2007 година. Истражувањето на авторите е направено со примената на Дипонт анализата, со цел да се утврдат стапката на принос на вкупните средства и стапката на принос на сопствениот капитал на анализираната компанија.

Добиените резултати од анализата авторите ги искористиле за оцена на работењето на анализираната компанија во текот на избраниот тригодишен период и истовремено за откривање на главните фактори за постигнатиот финансиски резултат. Се разбира, сите овие информации не би имале вредност доколку не се искористат за предлагање на мерки за задржување на позитивните трендови во работењето и корективни активности за поефикасно работење во иднина.

5. **Евалуација на трудот број 5 – „Маркетинг истражување преку Интернет“**; рецензиран труд, Штип, 2010 год.

Со појавата на Интернетот како комуникациски медиум се промени медиумската слика на светот. Авторите на трудот наведуваат податок дека за само десетина години, Интернетот го помина патот од академска компјутерска мрежа за размена на информации до глобален комуникациски медиум, кој денес го користат преку 600 милиони луѓе ширум светот. Овој медиум (освен како неизбежна комуникациска и информатичка алатка) за многу кратко време се наметнува како нов огласен медиум потполно рамноправен со традиционалните медиуми, како радиото, билбордите или печатените медиуми.

Бидејќи Интернетот во последно време станува сè поинтересен медиум за огласување, нагласуваат авторите, сите оние кои планираат рекламирање на Интернет треба јасно да ја дефинираат нивната Интернет маркетинг стратегија, сè со цел Интернет кампањата да биде успешна. Притоа, посебно внимание треба да се посвети на развивање на неколку карактеристични системи и техники на рекламирање, како што се *оптимизација на пребарувањето* и системот *плати по клик* кои се дел од пребарувачкиот маркетинг. Информациите добиени од остварените резултати по пат на оптимизација на пребарувањето можат да се искористат за да се направи проценка на профитабилноста на бизнисот и со тоа да се донесе соодветна одлука за инвестирање и во платено рекламирање по пат на PPC (pay per click).

Истражувањето во трудот продолжува со развивањето маркетинг план и тактика за одреден веб-сајт преку неколку битни одлуки, формулирање на цели и имплементирање низ неколку значајни чекори. Како што забрзано расте бројот на Интернет корисниците,

така се отвораат и нови можности за Интернет огласувањето, кое се прелева низ повеќе сектори: телекомуникации, автомобилизам, козметика, храна и пијалаци итн. Тоа ни малку не е необично - растот на корисниците на Интернет го прави истиот во очите на повеќето медиумски професионалци, медиум со сосема доволен досег. А кога ќе се земе предвид и просекот на популацијата која го користи овој медиум - која е млада, високообразована и со добар стандард, работите стануваат поинтересни.

6. **Евалуација на трудот број 6 – „Електронско банкарство – поим и ризици“**; Годишен зборник на Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, 2009 год.

Предмет на обработка во овој труд е електронското банкарство, кое овозможува вршење на банкарски трансакции електронски, без директна посета на банката или друга финансиска институција. Интернет банкарството, кое е една форма на електронско банкарство, го користи Интернетот како дистрибутивен канал преку кој се вршат банкарските активности, како: пренос на средства, плаќање на сметки, увид во состојбата на сметките, плаќања врз основа на хипотеки и купување на финансиски инструменти и сертификати за депозити. Корисникот на интернет банкарските услуги (физичко лице или компанија) остварува пристап до неговата сметка преку пребарувач – софтвер, кој ги покренува интернет банкарските програми, резиденти на World Wide Web серверот.

Авторката Оливера Ѓоргиева-Трајковска нагласува дека иако интернет банките ги нудат истите услуги како и традиционалните банки, аналитичарите гледаат на интернет банкарството како на средство за задржување на растечкиот број на софистицирани клиенти, развој на нова база на корисници и апсорпција на што поголем дел од депозитните средства на пазарот.

Покрај многуте позитивни карактеристики, постојат и повеќе ризици, придружни на електронските банкарски активности, кои се исто така предмет на разгледување на овој труд, од кои посебно се истакнати трансакцискиот и кредитниот ризик.

7. **Евалуација на трудот број 7 – „Меѓународен финансиски менаџмент“**; рецензиран труд, Штип, 2007 год.

Основниот предмет на истражување на авторите во овој труд се разликите кои постојат помеѓу националниот и меѓународниот финансиски менаџмент. Ова е од причина што процесот на интернационализација и глобализација на светските текови започнат од почетокот на осумдесеттите години на минатиот век, доведе до брз развој на меѓународната трговија и зголемување на улогата на мултинационалните компании во креирањето на светскиот економски развој.

Според авторите, основна задача на менаџерите на една компанија е да ги прифатат бројните предизвици кои ги носи процесот на глобализација на светскиот пазар и да ги откријат токму тие можности кои ќе обезбедат поголем профит за нивната компанија и нејзино претворање во мултинационална компанија.

Авторите терминот мултинационални компании го користат да ги опишат компаниите кои ги извршуваат своите активности во две или повеќе земји. Според нив, постојат неколку главни причини поради кои компаниите од сите земји настојуваат да станат „интернационални”: 1) освојување на нови пазари; 2) обезбедување на суровини за производните процеси; 3) освојување на нови технологии; 4) зголемување на производната ефикасност; 5) избегнување на законските и политички ограничувања.

Главните фактори кои ги условуваат разликите во финансискиот менаџмент практикуван во компанија која работи во една земја, од компаниите кои дејствуваат во повеќе различни земји се следните: 1) различните валутни деноминации; 2) различната

економска и законска разгранетост; 3) разликите во јазикот; 4) различното културно наследство; 5) улогата на владата во односната држава; 6) политичкиот ризик.

Во продолжение на трудот авторите ги обработуваат ризиците со кои се соочува компанијата која извршува деловни активности во странство. Постојат три вида изложеност на ризик на корпорациите кои вложуваат капитал на меѓународниот пазар: конверзиски курсни разлики, трансакциски курсни разлики и економска изложеност на ризик.

Авторите предлагаат неколку начини по пат на кои може да се управува со изложеноста на ризикот од промената на девизниот курс. Позначајни од нив би биле: природно регулирање, управување со паричните средства, приспособување на сметките помеѓу компаниите, финансиско приспособување, валутно приспособување преку термински договори, фјучерс договори, валутни опции и замена на валутните обврски и др.

На крајот од трудот, авторите заклучуваат дека предизвиците и можностите за остварување на високи профити на меѓународниот пазар се навистина огромни и дека е голем степенот на неизвесноста и ризикот во извршувањето на меѓународните активности, кој бара претпазливост и професионалност од страна на менаџерите кои сакаат да постигнат успех надвор од границите на својата држава.

8. **Евалуација на трудот број 8 – „Управување со обртните средства“**; рецензиран труд, Штип, 2007 год.

Предмет на овој труд е обработка на еден сегмент на обртните средства, залихите, како категорија на средства во која се вложува капитал и која како и сите капитални средства бара адекватно управување во согласност со остварување на општите цели на работењето.

Според авторкаат Оливера Ѓоргиева-Трајковска, методите за контрола на залихите служат како средство за одредување на оптималната големина на залихите, како и одлучување за тоа кога и во која количина да се направи одредена нарачка на неопходните залихи. Оптималната големина на залихите треба да се процени во однос на флексибилноста која може да им се даде на залихите. При одредувањето на нивната оптимална големина, менаџментот на претпријатието мора да ја урамнотежи користа врз економичноста на производството, набавката и зголемената побарувачка за производи, со трошоците на одржување на дополнителни залихи. Од посебен интерес за финансискиот менаџер, нагласува авторот, се трошоците инвестирани во залихи, кои претставуваат функција на ризикот содржан во одредена количина на залихи.

Процесот на управување со залихите и определувањето на нивната оптимална големина и структура авторот го обработува преку извршување на четири основни групи на активности:

1. планирање на потребните обртни средства за финансирање на залихите по видови, групи и во вкупен износ;
2. утврдување на расположивите залихи по видови, групи и во вкупен износ;
3. определување на отстапувањата (вишоци, кусоци) преку споредба на расположивите со планираните залихи;
4. донесување и реализирање на одлуките за елиминирање на отстапувањата на расположивите залихи од оптимално потребните.

На крајот од трудот, авторот обработува едноставен хипотетичен пример, како илустрација на теоретската обработка на управувањето со залихите на материјалните средства.

9. **Евалуација на трудот број 9 – „Примена на методите за оценка на ефикасноста на инвестиционите проекти“**; рецензиран труд, Штип, 2007 год.

Од обемот, структурата и ефикасноста на инвестициите во една национална економија зависи нејзиниот целокупен економски развој. Преку анализата на односот меѓу

инвестициите и остварените приноси се дава одговор на прашањето за оправданоста на жртвувањето на сегашната потрошувачка на расположивите средства. Од причина што се врши откажување од сегашната потрошувачка, заради остварување на поголеми приноси во иднина, потребно е да се определи ефикасноста на нивната употреба, т.е. оценувањето на економската ефикасност на инвестициите.

Науката за инвестициите дошла до релевантни критериуми, мерила и показатели за мерење на ефикасноста на инвестициите и создала комплексни методолошки приоди за нивно вреднување, како од макроекономски аспект, така и од аспект на поединечниот инвеститор.

Предмет на овој труд е обработка на основите за одредување на потребниот капитал, потребен за реализација на инвестиционите проекти. Притоа авторите претпоставуваат дека ризикот и квалитетот на инвестиционите проекти кои се разгледуваат не се разликуваат од ризикот на постоечките инвестиции на претпријатието, така што прифаќањето на кој било предлог или група на предлози не го менува релативниот деловен ризик на претпријатието.

Авторите ги обработуваат најопштите и универзални критериуми за оценка на ефикасноста на проектите и техниката на нивната пресметка: методот на период на враќање на инвестициите; просечната стапка на приносот; методот на нето сегашна вредност на проектот и методот на интерна стапка на враќање (рентабилност).

На крајот од трудот, преку практичен пример е претставена постапката на примена на овие методи и начинот на толкувањето на добиените показатели, што претставува основа за прифаќање или одбивање на одреден проект.

10. **Евалуација на трудот број 10 – „Процес на кредитирање на претпријатијата“**; рецензиран труд, Штип, 2010 год.

Предмет на овој труд е обработка на кредитниот процес, т.е. технологијата на одобрување на кредити, пред сè на стопанските субјекти. Позајмувањето парични средства на стопанските субјекти и населението (процес на кредитирање) е една од најзначајните активности во најголем дел од финансиските институции. Одобрените банкарски заеми, според авторите, учествуваат со најголем процент во создавањето на вкупниот приход на финансиските институции, остварен од вршењето на вкупните активности. Од друга страна, нагласуваат авторите, во областа на оваа функција на одобрување заеми, депозитните финансиски институции генерално прифаќаат најголем степен на ризик. Неуспехот на индивидуалните комерцијални банки и другите финансиски институции е секогаш поврзан со проблемите во создаденото портфолио на кредитни пласмани.

Процесот на кредитирање, покрај тоа што е една од најзначајните активности на индивидуалните банки, има огромно значење и во однос на социјалната функција која овие институции ја извршуваат во општеството. Индивидуалните лица, фирмите и владата можат да ги позајмуваат неопходните дополнителни средства од банките и другите финансиски институции. Менаџментот на финансиските институции врши проценување на приносот и ризикот на секој поединечен заем и ја оценува релативната атрактивност на разните типови на заеми. При донесувањето на конкретната кредитна одлука се оценуваат многу фактори, како: способноста на претпријатието да го врати заемот, рејтингот на претпријатието, колкава е потребата од дополнителни средства, намената за која истите ќе се користат.

Според авторите банките и другите финансиски институции треба во секое време да располагаат со доволен фонд на средства, со кои би се задоволиле потребите од повлекувања на депозитите и зголемените барања на корисниците на заемите.

Кредитниот процес во трудот се следи преку извршување на неколку фази: подготовка и донесување на кредитна одлука, структурирање на кредитот (одредување на

рокот, каматата, колатералот и заштитните клаузули), мониторингот на извршување на кредитните обврски и креирање на портфолио стратегија на кредитните пласмани.

На крајот од трудот авторите вметнуваат илустрација на комплетно кредитно барање со сите потребни податоци врз основа на кои се донесува конкретна одлука за одобрување на кредит од страна на една банка.

11. **Евалуација на трудот број 11 – „Извори и форми за финансирање на малите и средни претпријатија“**; рецензиран труд, Штип, 2007 год.

Авторите во трудот ги истражуваат различните форми на финансирање на малите и средни претпријатија, како едно од најважните подрачја за поттикнување на нивниот развој и основен предуслов за креирање на општа претприемничка клима во секое стопанство.

Авторите нагласуваат дека во основа постојат два начина на финансирање на бизнисот на претприемачите: преку сопственички вложувања (equity capital) или преку кредитирање (debt capital). При финансирањето на сопствениот бизнис претприемачите се стремат да обезбедат средства по најповолни услови, а притоа да не ја изгубат сопственичката контрола над бизнисот.

Покрај класичниот начин на финансирање по пат на кредити, авторите ги обработуваат и останатите алтернативни форми на финансирање на малите и средни претпријатија, како што се: лизингот, факторингот, трговскиот кредит, ризико капиталот и акционерскиот капитал. Сите овие форми на финансирање имаат различни карактеристики, како што се: цената, условите на одобрување, права и обврски, рокови на достасување и сл. Ова наложува нивно добро познавање од страна на претприемачите, со цел да можат да ги изберат оние форми на финансирање кои се најповолни и најдобро им одговараат на нивните потреби и можности.

На крајот, авторите констатираат дека во нашата држава наведените форми на финансирање или не се воопшто присутни или се во својот зародиш. Нивна препорака е Владата преку своите агенции и зголемена активност да го поттикне развојот на сите форми на финансирање, а посебно на оние кои може значително да придонесат за развојот на претприемништвото.

12. **Евалуација на трудот број 12 – “Accounting view of tax reforms in Republic of Macedonia”**; прифатен труд за презентација на 2-та Балканска и средноисточна конференција за сметководство и ревизија, која ќе се одржи во Истанбул, септември 2010 год.

Предмет на истражување во овој труд се даночните реформи кои се спроведуваат во Република Македонија, гледано од сметководствен аспект, и нивното влијание врз економскиот раст и развој на земјата.

Авторите во трудот нагласуваат дека современ даночен систем и ефикасна даночна администрација се основа за економскиот развој на секоја земја. Зголемената вработеност, проширените одговорности и континуираните барања за поажурно и поефикасно даночно известување ги принудуваат даночните одделенија да работат многу поефикасно и поефективно.

Авторите се осврнуваат на неодамнешните реформи на даночниот систем во Република Македонија кои вклучуваат пониски даноци и модернизација на даночната администрација и кои според нив би требало да доведат до модерен, едноставен, праведен и транспарентен даночен систем, кој придонесува за подобрување на деловното опкружување во земјата. Во услови на зголемена регулаторна и инвеститорска контрола и пазарот на стоки и услуги и корпоративното управување исто така бележат континуирани и брзи промени. Ова ја зголемува одговорноста за даночното известување во компаниите за: вградување на најдобрите практики во текот на процесот; оптимизирање на ефикасноста и користењето на времето; подобрување на точноста и транспарентноста; управување со корпоративниот

даночен ризик; подобрување на управувањето со податоците, како и зајакнувањето на функцијата на даночното известување.

Трудот содржи и податоци од извршеното истражување од страна на Центарот за економски анализи (CEA), за влијанието на воведувањето на рамниот данок врз целокупната состојба на компаниите во земјата. Резултатите од истражувањето покажуваат дека, и покрај иницијалниот успех на даночните реформи, треба уште многу да се направи во поглед на даночната легислатива, понатамошни симплификации на даночните процедури, намалување на зачестеноста во промените на даночните прописи, потребата од намалување на политичката зависност на Управата за јавни приходи. Сето ова би довело до поефикасно администрирање на даночните закони, поголем капацитет за справување со предизвиците на даночните реформи, полесна комуникација со даночните власти на останатите земји и хармонизација со директивите на Европската унија.

13. **Евалуација на трудот број 13 -** Кредитен процес; труд во процес на издавање во списанието Економски развој, Економски институт, Скопје

Предмет на истражување во овој труд е кредитниот процес во банките, како процес на одобрување заеми на стопанството и населението. Финансискиот систем во сите развиени пазарни економии има одлучувачка улога во канализирањето на вкупната парична акумулација во стопанството и во донесувањето на одлуките од страна на економските субјекти и поединците за штедење или трошење на нивните парични средства. Таквата улога на финансискиот систем, нагласува д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска, произлегува од определбата, според која, доколку финансискиот систем функционира добро, заштедите ќе бидат мобилизирани, средствата ќе бидат алоцирани ефикасно, а инвестициите насочени кон поттикнување на развојот на вкупната економија.

Трудот започнува со обработка на основните кредитни принципи и начела кои ги користи кредитниот аналитичар во оценување на кредитниот ризик, а во кои спаѓаат: карактер, способност, средства, цел, вредност, враќање на кредитот, осигурување, камати и провизии и останати трошоци.

Од аспект на големото значење што го има процесот на кредитирање за развојот на финансиската институција, како и за општеството во кое таа дејствува, секоја банка или друга финансиска институција мора внимателно да ги планира и координира своите кредитни операции. Во таа насока, авторката посветува посебно внимание на процесот на подготовка и донесување на кредитната одлука, на структурирање на кредитот и на проценка на кредитниот и бизнис ризикот.

## МИСЛЕЊЕ И ПРЕДЛОГ

Врз основа на поднесената документација, Комисијата констатира дека кандидатката д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска ги исполнува условите според Конкурсот.

Комисијата констатира дека кандидатката веќе е вклучена во наставно-образовниот и научноистражувачкиот процес и со тоа се стекнала со потребното искуство, кое ја квалификува да продолжи во иднина да го унапреди овој процес на повисоко ниво.

Квалитетот на кандидатката се потврдува и преку објавените стручни трудови, а посебно неговата научна истражувачка работа е изразена при изготвувањето и одбраната на магистерскиот и докторскиот труд.

Имајќи го предвид гореизнесеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" -Штип **да ја избере кандидатката д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска во доцент на наставно-научната област *финансии и сметководство*.**

**Рецензентска комисија**

**Проф. д-р Ристо Фотов, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Трајче Мицески, член, с.р.**
**Доц. д-р Александар Костадиновски, член, с.р.**

## П Р И Л О Г

**Табела за вреднување на активностите на д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска, асистент, во реизборниот период 2010 година, според критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип**

| Вид на активност | Број | Поени | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Реден број од прегледот за наставно-образовна (НО) дејност - Правилник за единствените критериуми и постапка за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип, „Универзитетски гласник" бр.12, декември 2009 г., стр.119-122):** | | | |
| **10. Научно-популарна статија во весник, учество во образовна РТВ програма** | **6** | **0,5** | **3** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **26. Вежби (бр.на часови x 0,2) в**<br>**- Основи на сметководство**<br>**- Меѓународни сметководствени стандарди**<br>**- Финансиско сметководство**<br>**- Планирање, анализа и контрола на трошоци**<br>**- Меѓународни сметководствени стандарди** | **8**<br>**8**<br>**16**<br>**6**<br>**16** | **0,2**<br>**0,2**<br>**0,2**<br>**0,2**<br>**0,2** | **1,6**<br>**1,6**<br>**3,2**<br>**1,2**<br>**3,2** |
| **Вкупно:** | | | **10,8** |
| **Научноистражувачка (НИ) дејност** | | | |
| **10. Одбранета докторска теза** | **1** | **8** | **8** |
| **11. Одбранета магистерска работа** | **1** | **4** | **4** |
| **13. Учесник во научен проект** | **1** | **2** | **2** |
| **Стручно-апликативна дејност** | | | |
| **5. Труд во стручно списание (во земјава)** | **21** | **2** | **42** |
| **5. Труд во стручно списание (во странство) – прифатен, презентиран и излезен во списание** | **1** | **6** | **6** |
| **ВКУПНО:** | | | **75,8** |